АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 03-111/1
13.04. 2023 год.
СКОПЈЕ

# Транспарентност и посетеност

# на веб -страницата

# на Агенцијата за пошти во 2022 година

**Агенција за пошти**
Кеј "13-ти Ноември"ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk;
http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

## Веб-страница на Агенцијата за пошти

Веб – страницата **www.ap.mk** и во 2022 година продолжи да ја промовира проактивноста на работата на Агенцијата за пошти.

Веб - страницата како многу важен извор на основни и специфични информации и податоци, на некој начин претставува „виртуелно" лице чија примарна улога е да им обезбеди одговори на заинтересираните страни преку соодветните содржини со кои располага. Навремено објавуваните информации беа користени од сите чинителите на поштенскиот сектор.

Во 2022 година беа објавени вкупно **68 соопштенија** поврзани со регулаторните мерки и активности кои беа превземани во насока на исполнување на законските функции и надлежности на Агенцијата.

На веб - страницата беа објавени информации за трендовите и состојбите во поштенскиот сектор, изработените анализи, извештаи и документи од својот

делокруг на работа, како и за учеството на меѓународни состаноци и активности и соработки со други институции и сл.

Воедно, Агенцијата информираше за одржаните состаноци на Комисијата, за промените кои настануваа во поглед на Општите овластувања на давателите на поштенски услуги, за состојбата со либерализација на поштенскиот пазар.



Со цел подигнување на квалитетот на својата работа, Агенцијата за пошти изврши мерење на корисничкото задоволство на корисниците на поштенски услуги и давателите на поштенски услуги, преку електронска анкета[1].




[1]https://ap.mk/index.php/mk/220215-zadovolstvoto-na-korisnicite-na-uslugite-na-agencija-za-poshti-na-visoko-nivo

Во периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, веб - страницата беше посетена **71.413 пати**, а од истата беа прелистани вкупно **357.498 страници**.

Споредбено со 2020 година, во 2021 година вкупната посетеност на веб - страницата на Агенцијата за пошти беше зголемена за **28.45%.** Во 2022 година посетеноста на веб – страницата го следеше трендот на зголемување за **24,19%** во споредба со 2021 година.

Слика бр.1. Посетеност на веб – страницата споредбено 2020, 2021 и 2022 година




Овој нагорен тренд, покажа дека интересот на пошироката јавност, за информациите кои беа споделени на веб - страницата на Агенцијата за пошти е во континуиран пораст, што дополнително претставува потврда за посветеноста на Агенцијата за навремено и транспарентно објавување на

информации и податоци за поштенскиот сектор во Република Северна Македонија.

Во продолжение следуваат детални статистики за посетеноста на веб-страницата на Агенцијата за пошти, како и за прелистани страници по квартали.

Слика. 2. Компаративен приказ на посетеноста и прелистувањата по квартали во 2022 година




Слика.3. Најпревземани содржини по месеци




## Тимот на Агенција за пошти